**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-169/5 од 9 јули 2014 година донесена на 81. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 8 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *банкарство* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави д-р Љупчо Давчев, доктор по економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љупчо Давчев** е роден на 10 мај 1985 година во Штип. Средно образование завршува во средното училиште „НОВА” во Скопје, Р. Македонија, во 2003 година. По завршување на средното образование се запишува на додипломски студии на факултетот ACT (American College of Thessaloniki) - The Anatolia School of Business во Солун, Р. Грција, каде што и ги завршува додипломските студии со двојна насока: Финансии и Меѓународен бизнис, во јуни 2007 година. Веднаш по завршувањето на додипломските студии се запишува на постдипломски студии на факултетот ACT (American College of Thessaloniki) - The Anatolia School of Business во Солун, Р. Грција, каде што ги завршува постдипломските студии, насока Финансии и банкарство, со одбрана на магистерскиот труд под наслов “Stock Market Events in Macedonia“ и во ноември 2008 година се стекнува со научен степен магистер на економски науки. По завршување на постдипломските студии се запишува на докторски студии на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Р. Македонија, кои успешно ги завршува со одбрана на докторската дисертација на тема „Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во РМ” и во август 2011 година се стекнува со научен степен доктор по економски науки. Додипломските студии ги завршува со просек 8,74, додека постдипломските студии ги завршува со просек 8,93.

Кандидатот д-р Љупчо Давчев од 2006 година е вработен во Компанијата „Мултикрем” - Штип и како финансиски менаџер има голем придонес во развојот и растот на оваа компанија, како и во успешноста во управувањето во областа на финансиите. По завршувањето на магистерските студии, д-р Љупчо Давчев од 2009 година е избран за помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Р. Македонија, каде што држел вежби по предметите Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Осигурување, Макроекономија и многу други. Во 2013 година е избран за асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, каде што одржува вежби по предметите Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Осигурување, Макроекономија и многу други. Во време на својата работа како финансиски менаџер и како дел од соработничкиот кадар на Економски факултет во Штип посетува многу обуки, предавања, конференции, кои имаат голем придонес во неговата стручност и компетентност во областа на банкарството и финансиите.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од областа *банкарство*.
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (додипломските студии ги завршува со просек 8,74 , додека постдипломските студии ги завршува со просек 8,93).
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации (првиот труд во табелата е научноистражувачки труд објавен во соодветната област во меѓународно научно списание, а останатите девет се научноистражувачки трудови во соодветната област објавени во меѓународни научни публикации).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ Публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ljupco Davcev | **Hidden Shocks From the Economic Crisis in Macedonia during 2010** | ACTA international journal ISSN 2067-3809 http://acta.fih.upt.ro/editorial-board.html<br><br>http://acta.fih.upt.ro/pdf/archive/ACTA-2010-4.pdf<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/10535/ | 7 години |
| 2 | Nikolas Hourvouliades, Ljupco Davcev | **The Influence of Foreign Investments on Employment and Economic Growth in Fyrom** | Proceedings of REDETE-Researching economic development and entrepreneurship in transitional economies- Banja Luka, B&H, April 10-13, 2014 http://eprints.ugd.edu.mk/10157/ | 2014 |
| 3 | Ljupco Davcev | **Improving the Business Climate for Small and Medium Enterprises from the food industry** | Proceedings of ICEIRD - Thessaloniki, Greece, 2009 http://eprints.ugd.edu.mk/10573/ | 2009 |
| 4 | Ljupco Davcev, Andrea Kulakov | **The impact of the information technology on the business sector development** | Proceedings of ICEIRD 2012 - Sofia, Bulgaria http://eprints.ugd.edu.mk/10557/ | 2012 |
| 5 | Ljupco Davcev, | **The Structure of GDP-Indicator for Economic Model for Development of Macedonian Economy** | Proceedings of ICEIRD 2012 - Sofia, Bulgaria http://eprints.ugd.edu.mk/10556/ | 2012 |
| 6 | Ljupco Davcev | **The Role and Importance of Investment Banking in the Financial Industry and Innovation** | Proceedings of ICEIRD 2011 http://eprints.ugd.edu.mk/10553/ | 2013 |
| 7 | Zlatko Bezovski, Ljupco Davcev, Vlatko Paceskoski | **Traffic sources for travel related web sites in Albania** | Proceedings of 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania http://eprints.ugd.edu.mk/2556/ | 2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Ljupco Davcev, Vlatko Paceskoski, Zlatko Bezovski | **The role of operational risk in the risk management function** | Proceedings of 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania http://eprints.ugd.edu.mk/2628/ | 2012 |
| 9 | Violeta Madzova, Ljupco Davcev | **The financial globalization: opportunities and challenges in the period of financial crises** | Proceedings of Third International Conference "Changes in the global society" – European University–Skopje, Macedonija – June 2013 http://eprints.ugd.edu.mk/7191/ | 2013 |
| 10 | Violeta Madzova, Ljupco Davcev | **Rating agencies and the need for regulatory intervention** | Proceedings of Third International Conference "Changes in the global society" – European University–Skopje, Macedonija – June 2013 http://eprints.ugd.edu.mk/7190/ | 2013 |

или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ljupco Davcev, Nikolas Hourvouliades | **The Structure of GDP as an Indicator for Economic Development: A Note on the Economy of FYROM** | International Journal of Research in Business Management ISSN(P): 2347-4572 http://eprints.ugd.edu.mk/10158/ | 1.3423 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Љупчо Давчев со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2008 година, вклучен во наставно-образовната и научноистражувачка дејност како волонтер - асистент на Економски факултет – Штип, при УГД, каде што бил ангажиран на следниве премети:

1. Финансиски сметководство (II семестар);
2. Меѓународни сметководствени стандарди (V семестар);
3. Менаџмент на човечки ресурси (V семестар);
4. Здравствен менаџмент и лидерство (VI семестар).

Во тој период д-р Љупчо Давчев одржувал вежби по гореспоменатите предмети, подготвувал материјали за вежби и помагал во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помагал во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Љупчо Давчев во октомври 2009 година е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во областа финансии и банкарство.

Д-р Љупчо Давчев за време од три години како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Осигурување, Инвестиционен менаџмент, Меѓународни сметководствени стандарди, Менаџмент на човечки ресурси, Здравствен менаџмент и лидерство, Систем на здравствена заштита, Економија на животна средина.

Основни активности во тој изборен период биле: Одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, организација на меѓународна конференција и др.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Љупчо Давчев во октомври 2012 година е избран во наставно-научно звање асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во областа финансии и банкарство.

Д-р Љупчо Давчев за време од две години како асистент има одржувано вежби по следните предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Осигурување, Менаџмент на мал бизнис, Инвестиционен менаџмент, Економика на претпријатија, Макроекономија, Менаџмент на човечки ресурси, Здравствен менаџмент и лидерство.

Основни активности во тој изборен период биле: Одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, организација на меѓународна конференција и др.

Д-р Љупчо Давчев е автор и на неколку високошколски учебни помагала, односно рецензирана скрипта за предавања од областа на Инвестиционото банкарство и рецензиран практикуми за вежби од областа финансии и банкарство, при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и тоа:

Давчев, Љупчо (2013) *Инвестициско банкарство*. Економски факултет Штип. ISBN 978-608-4708-35-3 (рецензирана скрипта објавена во е-библиотека).

1. Љупчо Давчев, Тамара Јованов Марјанова, Билјана Цоневска (2014), *„Правни, финансиски и маркетинг аспекти на деловното работење“ - практикум*, Економски факултет. ISBN 978-608-244-047-7 (рецензиран практикум објавен во е-библиотека).

Кандидатот организирано изведува обуки и менторство на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за „Претприемнички викенд“ во организација на Универзитетот и Влада на РМ, каде што е дел од Комисијата за оценување на студентите.

Кандидатот е дел од Организацискиот одбор при организацијата на Првата меѓународна конференција на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ICBEF 2012.

Д-р Љупчо Давчев е иницијатор и организатор на *Проект за бесплатни обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на финансиите, менаџментот и маркетингот.*, кој се организира од страна на Економски факултет при Универизитет „Гоце Делчев” и Општина Штип.

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Љупчо Давчев може да се види преку многубројните објавени научни и стручни трудови, објавени во меѓународни публикации, како и преку трудовите објавени во стручни (научно-популарни списанија), меѓу кои позначајни се:

**1. Improving the Business Climate for Small and Medium Enterprises from the food industry**

2nd International Conference for Enterpreneurship, Innovation and Regional Development- From Enterpreneurial learning to Innovation and Regional Development- Thessaloniki, Greece, 2009

http://eprints.ugd.edu.mk/10573/

**2. Managing Security in an E-Business Environment**

6nd International Conference “Securitatea Informationala”, Moldova, 2009

http://eprints.ugd.edu.mk/10537/

**3. Profitability Parameters in the Banking System of Macedonia**

International Conference on Applied Economics, Castoria, Greece, May 2009

http://eprints.ugd.edu.mk/2560/

**4. Estimating and Managing Country Risk**

Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2009

http://eprints.ugd.edu.mk/10549/

**5. Hidden Shocks from the Economic Crisis in Macedonia during 2010** “Entrepreneurship beyond crisis – channeling changes to advantage”- ICEIRD 2010 Novi Sad, Serbia, 27 - 29 May 2010

ACTA international journal ISSN 2067-3809 http://acta.fih.upt.ro/editorial-board.html

http://eprints.ugd.edu.mk/10535/

**6. Economic Trends in Macedonia during and after the economic crisis**

ICBE 2010-International Conference on Business and Economics - Thessaloniki, Greece, May 6-8, 2010

http://eprints.ugd.edu.mk/10552/

**7. Strategies of Distribution Channels**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2010
http://eprints.ugd.edu.mk/10550/

**8. The Role and Importance of Investment Banking in the Financial Industry and Innovation**
4th International Conference for Enterpreneurship, Innovation and Regional Development- From Enterpreneurial learning to Innovation and Regional Development- Ohrid, Macedonia, May 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/10553/

**9.** Ljupco Davcev, Kostadinka Cabuleva, Tamara J. Marjanova- **Characteristics of Portfolio under Risk**
International Conference on Economics and Management in 21st Century - Solutions for Stability and Growth, D. A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria, Nov. 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/2662/

**10.** Tamara J. Marjanova, Ljupco Davcev, Kostadinka Cabuleva- **Marketing Strategy – Foundation for Smes Development on Macedonian Consumer Market of Confectionery Products**
International Conference on Economics and Management in 21st Century - Solutions for Stability and Growth, D. A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria, Nov. 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/2605/

**11.** Kostadinka Cabuleva, Tamara J. Marjanova, Ljupco Davcev-**Export and GDP-The Case of Macedonia**
International Conference on Economics and Management in 21st Century - Solutions for Stability and Growth, D. A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria, Nov. 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/2606/

**12. Улогата и значењето на инвестициското банкарство во финансиската индустрија**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/2565/

13. Tamara Jovanov Marjanova, Ljupco Davcev, Riste Temjanovski - **Формирање на цена во фазата на воведување од животниот циклус на производите**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/2564/

**14.** Ljupco Davcev, Andrea Kulakov - **The impact of the information technology on the business sector development**
5th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development (ICEIRD 2012) - Sofia, Bulgaria
http://eprints.ugd.edu.mk/10557/

**15.** Ljupco Davcev, Ana Ljubotenska **- The Structure of GDP-Indicator for Economic Model for Development of Macedonian Economy**
5th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development (ICEIRD 2012) - Sofia, Bulgaria
http://eprints.ugd.edu.mk/10556/

**16. The Importance of Operational Risk**
International Conference-TRENDS AND CHALLENGES IN THE ECONOMIC DEVELOPMENT- UNIVERSITY OF ECONOMICS – Varna, Bulgaria
http://eprints.ugd.edu.mk/10574/

**17.** Ljupco Davcev, Marina Radosavljevic-Bojcheva**- Managing with the Business Performances through Application of Business Intelligence**
First International Conferenceon Business Economics and Finance- ICBEF 2012-September 2012-Stip, Macedonia
http://eprints.ugd.edu.mk/10555/

**18.** Ljupco Davcev, Violeta Madzova**- The Aspects and Activities of International Banking**
First International Conferenceon Business Economics and Finance- ICBEF 2012-September 2012-Stip, Macedonia
http://eprints.ugd.edu.mk/2548/

**19.** Vlatko Paceskoski, Zlatko Bezovski/ Ljupco Davcev - **Globalization, growth and powerty**
1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania
http://eprints.ugd.edu.mk/2558/
**20.** Zlatko Bezovski, Ljupco Davcev, Vlatko Paceskoski - **Traffic sources for travel related web sites in Albania**
1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania
http://eprints.ugd.edu.mk/2556/
**21.** Ljupco Davcev, Vlatko Paceskoski, Zlatko Bezovski - **The role of operational risk in the risk management function**
1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania
http://eprints.ugd.edu.mk/2557/
**22.** Ljupco Davcev, Nikolas Hourvouliades - **Banking Concentration in FYROM: Evidence from a Country in Transition**
International Conference on Applied Economics (ICOAE) 2013
Procedia Economics and Finance, 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7634/
**23.** Krste Sajnoski, Vlatko Paceskoski, Ljupco Davcev - **The global economic integration has no prospects without global currency**
The Future of Integration, the Future of the European Union- D.A. Tsenov Academy of Economics - Svishtov, Bulgaria – May 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7435/
**24.** Ljupco Davcev, Nikolas Hourvouliades - **Banking concentration and developments in FYROM: A country in transition**
ISIS 2013 - Greece International Multidisciplinary Academic Conference - June, 2013, Thessaloniki, Greece.
Review of Social Studies, Law and Psychology –November 2013- Published by ISIS
Cogent Economics & Finance, (ISSN: 2332-2039) Taylor & Francis Group, 2014
http://eprints.ugd.edu.mk/10161/
**25.** Violeta Madzova, Krste Sajnoski, Ljupco Davcev - **Monetary and fiscal policy in the process of global integration**
The future of integration the future of European Union - D.A. Tsenov Academy of Economics - Svishtov, Bulgaria. – May 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7189/
**26.** Violeta Madzova, Ljupco Davcev, Vlatko Paceskoski- **The impact of cross border cooperation on sustainable development of the bordering areas (case study of Republic of Macedonia)**
The future of integration the future of European Union - D.A. Tsenov Academy of Economics - Svishtov, Bulgaria. – May 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7188/
**27.** Violeta Madzova, Krste Sajnoski, Ljupco Davcev - **E-Government as an Efficient Tool towards Good Governance (Trends and Comparative Analysis throughout Worldwide Regions and within West Balkan Countries)**
Balkan Social Science Review – Faculty of Law – Stip, Macedonia – 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7195/
**28.** Violeta Madzova, Ljupco Davcev - **The financial globalization: opportunities and challenges in the period of financial crises**
Third International Conference "Changes in the global society" – European University–Skopje, Macedonija – June 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7191/
**29.** Violeta Madzova, Ljupco Davcev – **Рејтинг агенциите и потребата од регулаторна интервенција**

Third International Conference "Changes in the global society" – European University– Skopje, Macedonija – June 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7190/

**30.** Violeta Madzova, Ljupco Davcev – **Улогата на монетарната политика во време на економска криза**
International Conference – International Slavic University – St. Nikole, Macedonia – 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7185/

**31.** Violeta Madzova, Ljupco Davcev – **Влијанието на финансиската глобализација врз економскиот раст**
International Conference – International Slavic University – St. Nikole, Macedonia – 2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7186/

**32**. Ljupco Davcev, Nikolas Hourvouliades – **The Influence of the Greek Economic Crisis on FYROM Exports**
Journal of Business & Financial Affairs, 2014
http://eprints.ugd.edu.mk/10160/

**33**. Ljupco Davcev, Nikolas Hourvouliades – **The Structure of GDP as an Indicator for Economic Development: A Note on the Economy of FYROM**
IMPACT: International Journal of Research in Business Management (IMPACT: IJRBM) ISSN (E): 2321-886X; ISSN (P): 2347-4572 Vol. 2, Issue 2, Feb 2014, 33-42
http://eprints.ugd.edu.mk/10158/

**34.** Nikolas Hourvouliades, Ljupco Davcev - **The Influence of Foreign Investments on Employment and Economic Growth in Fyrom**
REDETE-Researching economic development and entrepreneurship in transitional economies- Banja Luka, B&H, April 10-13, 2014
http://eprints.ugd.edu.mk/10157/

**35.** Ljupco Davcev, Tamara Jovanov Marjanova**- Соединувања и преземања (M & A) и улогата на инвестициските банки во овие процеси**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2012
http://eprints.ugd.edu.mk/9717/

36. Tamara Jovanov Marjanova, Ljupco Davcev, Mitre Stojanovski- **Анализа на тековната состојба и идни трендови на пазарот на кондиторски производи**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2012
http://eprints.ugd.edu.mk/9718/

**37.** Ljupco Davcev, Tamara Jovanov Marjanova**- Разликите помеѓу инвестициското и комерцијалното банкарство**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2012
http://eprints.ugd.edu.mk/9719/

38. Ljupco Davcev, Tamara Jovanov Marjanova**- Application of Models for Determining the Competitive Position of Enterprises in the Market**
Faculty of Economics Proceedings-Stip, Macedonia, 2013
**http://eprints.ugd.edu.mk/10150/**

Д-р Љупчо Давчев, покрај објавените научни и стручни трудови, учествува со усна презентација на неколку меѓународни конференции во земјава и во странство.

**Во земјава:**

1. 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development- From Enterpreneurial learning to Innovation and Regional Development- Ohrid, Macedonia, May 2011.
2. First International Conferenceon Business Economics and Finance- ICBEF 2012-September 2012-Stip, Macedonia.

**Во странство:**

1. 2nd International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development- From Enterpreneurial learning to Innovation and Regional Development- Thessaloniki, Greece, 2009.
2. International Conference on Applied Economics, Castoria, Greece, May 2009
3. "Entrepreneurship beyond crisis – channeling changes to advantage"- ICEIRD 2010 Novi Sad, Serbia, 27 - 29 May 2010.
4. ICBE 2010-International Conference on Business and Economics - Thessaloniki, Greece, May 6-8, 2010.
5. 5th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development (ICEIRD 2012) - Sofia, Bulgaria.
6. International Conference On Applied Economics (ICOAE) 2013 Procedia Economics and Finance, 2013.
7. ISIS 2013 - Greece International Multidisciplinary Academic Conference - June, 2013, Thessaloniki, Greece.

Кандидатот, исто така, е активен и на полето на промовирање на знаењето и образовниот процес преку масовните медиуми и има учество во РТВ програми на регионално и национално ниво:

– Учество во прилози со изјави и анализи од областа на економијата како дел од Дневникот на ТВ Стар (преку 40 изјави во период од четири години) и во емисијата „Што мисли народот" со излагање во врска со актуелни теми од областа на економијата;
– МРТ – национална телевизија (2014): стручна анализа за влијанието на странските директни инвестиции врз македонската економија;
– Канал 5 ТВ - национална телевизија (2014): стручна анализа за влијанието на странските директни инвестиции во ТИРЗ во Штип врз локалната економија и паѓањето на нивото на невработеност под влијанието на СДИ.

**Кратка евалуација на трудовите**

**Евалуација на трудот број 1:**

**"Improving the Business Climate for Small and Medium Enterprises from the food industry"**

Малите и средните претпријатија се најважните поттикнувачи на домашните економии во земјите од ЈИЕ. Тие влијаат на вработувањето, економскиот и техничкиот напредок, претприемништво и финансиските трендови во земјата, како и на регионалната соработка и развој. Во успехот на малите и средните претпријатија голема улога има државната политика и поддршката од Владата. Нивното влијание е особено забележливо во кондиторската индустрија, каде што повеќето од компаниите се мали или средни по големина. Авторот образложува кои основни чекори треба да се преземат во иднина кои ќе придонесат за развој и раст на овие компании.

Трудот ја разработува ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија и потребата за подобрувањето на бизнис климата за малите и средните претпријатија. Авторот ги објаснува трите структурални причини што мора да бидат надминати, со цел да се подобри бизнис климата за малите и средните претпријатија, а тоа се забразаната интеграција на македонската економијата на глобални рамки, микроекономските политики и институциите кои треба да функционираат во насока на поголема подршка на динамичниот развој на приватниот сектор кој оди во согласност со развојот на домашните и интернационални пазари, и интервенцијата на Владата во однос на економските регулативи и имплементација на постојните закони од оваа област. Исто така, авторот посебно ја разработува ситуацијата во кондиторската индустрија и можните начини за решавање на актуелните проблеми.

На крајот од трудот, авторот ги дава можните решенија со кои би се подобрила бизнис климата и би се постигнале резултати кои би го амортизирале ударот на Светската економска и финансиска криза и импликациите од оваа криза врз малите и средните компании.

**Евалуација на трудот број 2:**
**”Managing Security in an E-Business Environment”**

Технолошкиот развој во текот на изминатите неколку години влијае врз обезбедување на развој и раст на е-бизнисот. Обезбедување на безбедноста при размена на информации е од суштинско значење, бидејќи тоа повлекува размена на осетливи информации. Е-бизнис трансакциите повлекуваат трансфер на средства помеѓу купувачите, продавачите и деловните партнери. Пропусти и безбедносни инциденти во дигиталната околина повлекуваат и бараат разбирање на технолошките прашања и безбедносни предизвици за приватност и доверба во онлајн комуникацијата и бизнисот. Овој труд го опфаќа управувањето со безбедноста во е-бизнисот. Трудот го нагласува управување со безбедноста во е-бизнисот со посебен осврт на потребата за воспоставување на општоприфатени осовни безбедносни политики, процедури и практики.

**Евалуација на трудот број 3:**
**‘’Profitability Parameters in the Banking System of Macedonia”**

Овој труд ја анализира банкарската индустрија во Македонија, земја-аспирант за членство во ЕУ, една од посттранзициските економии на Балканот. Големината на домашниот пазар е значително мала, но е на пат кон развој и либерализација во последниве неколку години. Анализата се базира на оценување на основните финансиски карактеристики на големите банки и ја поврзува профитабилноста на банките со различни независни променливи специфични за индустријата. Авторите применуваат линеарна регресија за да се проценат можните врски помеѓу стапка на поврат на активата и стапката на поврат на капиталот со останатите параметри. Нивните наоди покажуваат значајно влијание на големината на капиталот, загубите врз основа на кредити и оперативните трошоци, додека параметрите, како што се големината на банката, односот помегу кредитите и средствата и инфлацијата не покажуваат значајно влијание врз профитабилноста на банката.

Овој труд е придонес кон постоечката литература со испитување на банкарската индустрија што претставува една од најважните индустрии во националната економија која влијае на економскиот раст во земјата. Основната цел на авторите е да се постави почетна платформа на финансиска анализа на основните банкарски карактеристики, со понатамошно развивање на ова истражување во иднина. Трудот е организиран на следниов начин: првиот дел ги поставува податоците и методологијата кои се применети; вториот дел ги вклучува главните анализи и емпириски резултати; последниот дел се состои од заклучоците.

Авторите во трудот имаат разработено анализа на основните финансиски карактеристики на големите национални банки, кои претставуваат над 90% од домашните операции. Тие ја испитале еволуцијата на основните стапки во текот на годините, каде што селективно се гледа ефикасноста на секоја банка според некои соодноси. Авторите ја поврзуваат профитабилноста на банките со сет на променливи кои се меѓународно употребувани. Испитувањата покажуваат дека најзначајните варијабли за профитабилноста на банките се соодносот помеѓу капиталот на средствата и вкупната загуба по однос на кредити. Оперативните трошоци се значајни само во однос на стапката на поврат на капитал. Другите показатели, како што се големината на банката, инфлацијата и односот помеѓу кредитите и средствата не покажуваат никаква значајност според моделите на регресија.

**Евалуација на трудот број 4:**
**„Проценка и менаџирање на државен ризик”**

Освен дефинирањето и базичната разработка, авторот во трудот дава модели за проценка и начини на менаџирање на државниот ризик. Комерцијалните и инвестициски банки се соочуваат со различни типови на ризици во нивните глобални операции. Кредитен ризик при позајмување или инвестирање во странски деловни ентитети, неколку типови на ризици кои се поврзани со проектираното финансирање, оперативни ризици, ризици поврзани со девизната размена, се само некои од многуте примери во оваа група. По дефиниција, активностите на глобалното банкарство ги надминуваат политичките граници

на суверените национални држави и даваат простор за појава и развој на друг извор на ризик во меѓународното банкарство, а тоа е државниот ризик.

По првичното дефинирање, авторот ја разработува природата и суштината на државниот ризик, факторите кои влијаат за појава на државниот ризик, како и надворешниот економски и политички аспект на овој тип на ризик.

Доколку анализата и оценувањето на една држава само по себе претставува тешка задача, изработка на портфолио делумно заштитено од меѓународните ризици, што на некој начин мора да е ефикасно, е уште покомплицирана задача. Ниту ризикот, ниту повратокот се јасно дефинирани, а дури и мерењето на ризиците е многу тешко. Примената на портфолио теориите може многу да придонесе во пресметувањето на целосниот ризик. Апликацијата на овие теории исто така помага и при воспоставувањето на линк помеѓу ризикот и цената на меѓународните кредити и обврзници. Низ историското минато се докажало дека проблемите поврзани со изложеноста на државен ризик се континуирано присутни. Авторот укажува на тоа дека внимателно пристапување кон инвестиции во нови држави и внимателно подготвено портфолио што ќе има некаква диверсификација на државниот ризик се опции што треба секогаш да бидат разгледани од страна на банките и инвеститорите.

**Евалуација на трудот број 5:**
**“Hidden shocks from the economic crisis in Macedonia during 2010”**

Овој труд ја објаснува економската ситуација во Македонија на почетокот од 2010 година. Во целост се објаснети позначајните економски показатели и се дадени предлози за нови антикризни мерки. Според објаснувањето на авторот, македонските менаџери се плашат дека кризата ќе продолжи и во 2010 година, задавајќи нови и многу посилни економски удари. Авторот објаснува дека повеќето од нив ќе бидат ценовно ориентирани, доаѓајки од надвор. Некои показатели предвидуваат комплексен и сложен период со повисок буџетски дефицит, пониска потрошувачка, поголема стапка на невработеност и значително повисок трговскиот дефицит. Почетокот на 2010 година покажува дека профитабилноста на компаниите ќе биде значително ниска. Очигледно е дека владините антикризни мерки не ги дадоа потребните резултати и постои итна потреба за нови чекори. Постојат некои чекори кои треба веднаш да се преземат за подобра бизнис клима во Македонија. Тие треба да бидат ориентирани кон подобрување на ликвидноста на компаниите и промовирање на инвестициските активности со истите услови за домашни и меѓународни субјекти.

**Евалуација на трудот број 6:**
**“Economic trends in FYROM during and after the economic crisis”**

Трудот во целост ги објаснува позначајните економски показатели и дадени антикризни мерки. Авторот во трудот врши анализа на економските трендови во 2008, 2009 и 2010 година, и на споредбена база ги предвидува можните економски текови во наредните неколку година. Во трудот најпрвин се врши поширока анализа на земјите од Југоисточна Европа и ги анализира поглавните макроекономски показатели на земјите кои спаѓаат во овој регион.

Трудот дава анализа и на позначајните текови кои се случуваат во овој период кај земјите кои се најголеми увозници на производите од Р. Македонија, но и какви импликации ова ќе има врз подобрувањето на влошената економска состојба во овој период. На крајот се дава анализа на можните мерки кои ги предлага авторот на трудот, а тие се однесуваат на можноста за осигурување на продадените производи и услуги кои се купени од страна на домашни купувачи, реализација на компензација на долговите помеѓу јавниот и приватниот сектор, како и координативните пристапи на инспекциските органи со што би се формирала база на податоци за компаниите кои ќе ги користат различните видови на инспекциски органи.

**Евалуација на трудот број 7:**

**„Стратегија на дистрибутивните канали и нивното влијание во вредносната верига”**

Овој труд го објаснува начинот на формирање на стратеги на дистрибутивните канали и влијанието кое го имаат овие стратегии во вредносната верига. Авторот објаснува дека менаџментот го избира типот на дистрибутивниот канал кој ќе биде употребуван, потребниот интензитет на дистрибуција и ја селектира конфигурацијата на дистрибутивниот канал. Една од првите одлуки за решавање е дали да се менаџира дистрибутивниот канал посебно, во вид на партнерство, или да се биде само една обична компанија дел од многуте во дистрибутивниот канал. Сето ова зависи од можностите на компанијата во однос на другите компании и цената на чинење на добивање на главната менаџерска улога во таа дистрибутивна мрежа.

Во трудот стратегијата за дистрибутивниот канал е гледана и согледувана од кое било ниво во дистрибутивниот канал. Главната разлика лежи во точката на гледиште што се употребува за развој на таа стратегија. Компаниите дел од овие нивоа имаат помалку алтернативи споредено со производителите, а со тоа можеби и се помалку флексибилни во однос на другите. Меѓутоа, нивниот однос кон стратегијата мора да биде екстремно активен.

**Евалуација на трудот број 8:**

**“The Role and Importance of Investment Banking in the Financial Industry and Innovation”**

Овој труд објаснува како инвестициското банкарство ја стимулира мирната трансформација на системот со тоа што помага за придвижување на системот од банково-ориентираната фаза, каде што функциите се изведуваат и овозможуваат од комерцијалните банки по пат на билатерални договори, во пазарно-ориентирана фаза каде што пазарот игра зголемена улога во изведувањето на функциите и на крајот за влегување во фазата каде што пазарот и инвестициските банки доминираат на финансискиот систем. Според авторот, овој пат на прогресот е економски оправдан затоа што ги редуцира ресурсите употребени за да се изведат некои од основните функции, го зголемува квалитетот во тоа што ја зголемува евалуацијата на ризик, изведува функција на поделба и диверсификација на ризикот, врши замена на „заедничкото” креирање на мислењето, кое на негативен начин влијае врз различните финансиски пазари и, конечно, со зголемување на обемот, придонесува во зголемување на можноста на економијата да прифати поголем ризик, да одговори побрзо на промените и соодветно да реагира во однос на перформансот на единиците кои земале надворешни финансиски средства.

Авторот објаснува дека инвестициското банкарство и неговото учество во пазарот се важни фактори во економскиот развој и развојот на финансискиот систем во целост. Инвестициското банкарство е еден од круцијалните елементи во експанзијата на подобра и појасна колекција на финансиски информации, процесирање и комуникација, еден од најважните елементи на економскиот прогрес.

**Евалуација на трудот број 9:**

**“CHARACTERISTICS OF PORTFOLIO UNDER RISK”**

Инвеститорот не може едноставно да ја поврзе добивката со инвестицијата во определено средства, бидејќи секогаш постои определено ниво на ризик. Добивката може да се опише како сет на исходи поврзани со нивните можности да тие навистина да се случат, што всушност претставува функција на фреквентност, или попозната како дистрибуција на поврат. Трудот дава преглед на најупотребуваните атрибути на таквата дистрибуција: очекуваниот поврат и стандардната девијација. Бидејќи инвеститорите не поседуваат и не тргуваат само со еден тип средства, постои загриженост за тоа како може да се пресмета очекуваниот поврат и ризикот на портфолиото на средства познавајќи ги главните атрибути на средствата кои се дел од портфолиото. Еден важен аспект на оваа анализа е дека ризикот на портфолиото е уште посложен отколку едноставен просек од ризикот на поединечните средства. Значи, овој труд се базира на анализа на ризикот на

портфолиото на средства, како и компарација со ризикот на поединечните средства од кои се состои портфолиото.

**Евалуација на трудот број 10:**
**"MARKETING STRATEGY – FOUNDATION FOR SMEs DEVELOPMENT ON MACEDONIAN CONSUMER MARKET OF CONFECTIONERY PRODUCTS"**

Маркетинг стратегијата помага да се постави начинот на идниот успех на компанијата во целина. Целта на овој труд е да се објасни како маркетинг стратегија може да биде ефективен за развој на мали и средни претпријатија, особено на потрошувачки пазар. Трудот ќе покаже како да се дизајнира маркетинг стратегија за МСП во кондиторската индустрија, што претставува индустрија во која домашните македонски компании континуирано го губат делот на пазарот, споредено со странските конкуренти со познати брендови и строго дефинирани стратегии. Трудот дава одговори на прашањето како маркетинг стратегијата е позитивно поврзана со растот и развојот на компаниите од кондиторската индустрија.

**Евалуација на трудот број 11:**
**"EXPORT AND GDP-THE CASE OF MACEDONIA"**

Фактот дека меѓународната трговија придонесува за подобрување на економската благосостојбата е еден од најосновните доктрини во економијата. Прашањата на извозот и бруто домашниот производ се здобија со особено значење со воведувањето на политиките на либерализацијата во трговијата во земјите во развој од целиот свет. Во отворена економија, развојот на надворешната трговија има големо влијание на растот на БДП.

Овој труд се фокусира на корелацијата на зависноста помеѓу извозот и бруто-домашниот производ по глава на жител. Временските серии на податоци за извозот и бруто-домашниот производ и неговите компоненти се земени за периодот од 1998 до 2010 год. Во оваа студија на коефициентот на корелација за периодот 1998-2010 год. помеѓу БДП по глава на жител и извозот е 99% и коефициент на детерминација е 98%. Емпириските резултати во овој труд укажуваат на тоа дека улогата на извозот на Република Македонија имаат позитивно и значително влијание врз БДП.

**Евалуација на трудот број 12:**
**„Улогата и значењето на инвестициското банкарство во финансиската индустрија"**

Инвестициското банкарство е помеѓу важните теми во агендите на политичарите, финансиските регулатори, производителите, локалните и глобалните учесници на берзите, како и на студентите на финансиските системи. Големата и забрзана експанзија на овој сектор во однос на големината и географската покриеност, промените кои ги доживува, како и импактот врз структурата на економијата и финансискиот систем во последните неколку години, се теми кои неисцрпно се обработуваат. За да се разбере оваа позиција на инвестициското банкарство, авторот во трудот ги разработува главните карактеристики, основните функции и развојот на оваа индустрија, факторите кои се одговорни за развојот на инвестициското банкарство, како и врската помеѓу активноста на инвестициските банки и активностите на институциите кои се занимаваат со овој тип на бизнис. Трудот објаснува дека големата улога во поставувањето на основите на инвестициското банкарство игра еволуцијата на инвестициското банкарство во големите индустриски земји, како и позицијата и влијанието на инвестициското банкарство во поширок контекст врз развојот на финансиската индустрија во целина.

**Евалуација на трудот број 13:**
**„Формирање на цена во фазата на воведување од животниот циклус на производите"**

Трудот поставува јасна рамка на чекори кои ги водат претпријатијата во процесот на формирање на цена во фазата на воведување на производите на пазарот. Анализирана е проблематиката на формирањето на цените која се вбројува меѓу најзначајните прашања и проблеми во примената на маркетинг концептот на работење и воопшто во

функционирањето на стопанските и нестопанските субјекти. Од анализата може да се увиди дека ситуацијата од аспект на оваа проблематика во рамките на нашите домашни претпријатија е на незавидно ниво, односно истите применуваат премногу поедноставени или упростени методи при формирањето на цените на своите производи/услуги, одредуваат цени кои инволвираат преголеми трошоци, одредуваат цени кои не го земаат предвид остатокот од маркетинг миксот, вклучуваат многу малку критериуми при формирањето на цената и тешко ги алоцираат придонесите во вкупниот профит од секој производ/услуга поединечно. Уште помалку, претпријатијата обрнуваат внимание на усогласеност на цената со фазата од животниот циклус во која се наоѓа производот. Трудот резултира во препораки за надминување на воочените недостатоци во работењето на домашните претпријатија.

**Евалуација на трудот број 14:**
**"The impact of the information technology on the business sector development"**

Овој научен труд се однесува на новите иновативни модели за менаџирање на компаниите, кои се поврзани со иновациите во информатичката технологија. Менаџментот во компанијата треба да се фокусира на начините на спроведување на бизнис перформанс менаџментот во софтверските алатки, каде што со помош на избалансиран картички со показатели ќе се надминат тешкотиите со управување на податоците во компанијата собрани од различни извори. Овие податоци треба да бидат интегрирани во складиште на податоци, каде што ќе бидат зачувани за понатамошна обработка и презентирани со користење на различни графички алатки. Преку спроведување на бизнис менаџментот на перформанси, повеќедимензионалните деловни податоци и специјалните информации (перспективи, цели, иницијативи), кои се користат од страна на избалансиран картички со показатели, ќе бидат поврзани. Исто така, врската помеѓу различните делови ќе биде воспоставена. Имплементација се однесува во

однос на подготовка на специјални извештаи кои ќе обезбедат графички приказ на важни индикатори. Добро изведена имплементација ќе биде од големо значење за управување со компаниите и подобрување на нивните бизнис перформанси.

**Евалуација на трудот број 15:**
**"The structure of GDP-indicator for economic model for development of Macedonian economy"**

Овој труд ја анализара структурата на БДП на Република Македонија, со што преку овој показател ја истакнува потребата од забрзан развој на македонската економија. Глобалната економска криза ја потврдија потребата за развој на производството во Македонија како клучен елемент за намалување на трговскиот дефицит. Ефектите од кризата покажуваат дека Македонија нема економска структура способна за развој без прилив на странски капитал. Прашањето кое се договара со оваа анализа е: дали македонската економска структура е компатибилна со сегашното ниво на развој и има ли Македонија одржлив економски развој во последните десет до петнаесет години? Всушност, со последната економска криза се потврди дека моделот на развој на македонската економија не е одржлив.

**Евалуација на трудот број 16:**
**"The Importance of Operational Risk"**

Трудот ги објаснува компонентите на оперативниот ризик, како и чекорите за креирање на политиката за управување со ризикот. Дел од бизнис ризиците е оперативниот ризик, кој ги вкулчува директните или индиректните загуби како резултат на неадекватни или неуспешни внатрешни процеси, луѓе и системи или како резултат на надворешните настани. Авторот детално го анализира овој ризик, како и насоки за негово решавање во определени реални стуации во компанијата.

**Евалуација на трудот број 17:**
**"Managing with the business performances through aplication of business intelegence"**

Управувањето со деловните перформанси (Business Performance Management)

